**20150922880**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2010, 53/2011, 126/2012, 15/2013, 69/2013, 106/2013, 177/2014, 25/2015, 73/2015 и 83/2015), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 26.5.2015 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2015 ГОДИНА**

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2015 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/15, 42/15 и 52/15) во членот 2 став (2) во табелата во подмерка 1.12 алинеја 2 зборовите „најдоцна до 31 март 2015 година“ се заменуваат со зборовите „од денот на влегување во сила на оваа уредба до 31 март 2016 година“.

Член 2

Во член 3 по ставот (9) се додаваат десет нови става (10), (11), (12) (13), (14), (15), (16), (17), (18) и (19) кои гласат:

„(10) Кога барателот ги нема намирено финансиските обврски кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта по основ на користење на пасишта во државна сопственост и водостопанствата и водните заедници по основ на неплатен воден надоместок ќе се овозможи меѓусебно пребивање на ненамирените финансиски обврски со одобрениот износ на финансиска поддршка, по претходна согласност на барателот со поднесена изјава заверена на нотар дека е согласен ненамирените обврски да се пребијат со одобрената финансиска поддршка.

(11) Изјавата од став (10) на овој член барателот е должен да ја достави до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во рок од 20 дена од денот на доставување на известувањето за ненадмирени финансиски обврски од став (10) на овој член од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

(12) Во случај кога барателот нема да достави согласноста во рокот од став (11) од овој член, на истиот не му се исплаќа одобрениот износ на финансиска поддршка.

(13) Доколку одобрениот износ на финасиска поддршка на корисникот не е доволна за подмирување на сите обврски на корисникот утврдени во став (10) од оваа уредба, подмирувањето на обврските се врши по следниот редослед:

1. неплатена закупнина за користење на државно земјоделско земјиште,
2. склучени договори за користење на средства од компензациони фондови од странска помош за кои е надлежно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,
3. обврски по однос на неплатен воден надомест и
4. неплатен надоместок за користење на државни пасишта.

(14) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство доставува до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој податоци за ненамирени финансиски обврски со состојба на 6 мај 2015 година за следните основи:

- неплатена закупнина за користење на државно земјоделско земјиште и
- склучени договори за користење на средства од компензациони фондови од странска помош за кои е надлежно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(15) Водостопанствата и водните заедници доставуваат до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој податоци за ненамирени финансиски обврски со состојба на 6 мај 2015 година по основ за неплатен воден надоместок.

(16) Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта доставува до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој податоци за ненамирени финансиски обврски со состојба на 6 мај 2015 година за неплатен надоместок за користење на државни пасишта.

(17) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта и водостопанствата и водните заедници податоците од ставовите (14), (15) и (16) на овој член ги доставуваат до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој по електронски пат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

(18) Ажурирањето на внесените податоци врз основа на извршена уплата и/или технички грешки при пријавувањето на податоците за ненадмирени финансиски обврски ќе го вршат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта и водостопанствата и водните заедници.

(19) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта и водостопанствата и водните заедници доставуваат податоци за видот на обврска, висината на обврската (главен долг и камата), основот од кој произлегува обврската, податоци за должникот (име и презиме/назив, ЕМБГ/ЕМБС), податоци за сметка на субјектот на која треба да се изврши исплатата на обврската. Само целосни, комплетни и валидни податоци ќе се сметаат за основ за вршење на пребивање.

Член 3

Во членот 4 став (1) во точката 1 датумот „31 мај 2015“ се заменува со датумот „30 јуни 2015.“

Член 4

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42-5472/1
26 мај 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.